РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-904/3
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-904/1 од 27.02.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-904 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-904/1 од 27.02.2024 година е оформен врз основа на допис за наше запознавање со документи од ///. Изнесените наводи се однесуваат на сомнежи за непостапување по Решение на управниот инспектор /// бр. /// од /// година од страна на службено лице ///, директор на ///, а донесено врз основа на утврдена состојба по спроведен инспекциски надзор во оваа ///. Наведено е дека по овој повод од страна на управниот инспектор бил издаден прекршочен платен налог со /// бр. /// од /// година. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази како поткрепа на наводите.
Предметот со број 12-905/1 од 27.02.2024 година е оформен врз основа на истиот допис за наше запознавање со документи од /// во кој се наведени исти наводи како и горе означениот предмет.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Заради целисходно испитување на наводите, ДКСК двата горе означени предмети ги спои во еден и постапката ја водеше под единствен основен број 12-904/1 од 27.02.2024 година.

По увидот во содржината на дописот и доставените докази, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Имено, од страна на подносителот била спроведена постапка, врз основа на која се утврдени неправилности кај ///, по што биле преземени мерки од надлежност на подносителот. Следствено, ДКСК пријавата ја отфрли бидејќи друг надлежен орган постапил по наводите од пријавата.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Претседател
Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: С. С. М., член

Доставено до:
- Подносителот